*Упатство за употреба, читајте внимателно!*

# OCU*hyl* C®

Натриум хијалуронат 1.2 мг/мл
Капки за очи, раствор

**1. Што е OCU*hyl* C® и за што се употребува**

OCU*hyl* C® се стерилни капки за очи кои имаат навлажнувачко, смирувачко и лубрикантно дејство, особено за чувствителни очи. Присуството на хијалуронската киселина (супстанца која природно се создава во окото и други делови од телото), кај овие капки за очи обезбедува ефективно и долготрајно ослободување од чувството на сувост и горење во окото или од заморот на очите. Дополнително, капките OCU*hyl* C® се збогатени со природен екстракт од невен, кој нуди заштита против иритација и влијае на регенерација на епителот на окото. OCU*hyl* C® не содржат конзерванси, ниту антимикробни адитиви. Поради тоа овие капки за очи се, исто така, наменети за лица кои имаат чувствителни очи или носат контактни леќи. OCU*hyl* C® може да се користи од страна на возрасни, адолесценти и деца.

Капките OCU*hyl* C® наменети се само за надворешна употреба. Се употребуваат како дополнителна терапија при недоволно излачување на солзи, чувство на присуство на страно тело во окото, замор или иритација. Тие исто така се користат како поддршка на заштитниот филм од солзи на рожницата и конјуктивата на окото. OCU*hyl* C® може да се користи додека се носат контактни леќи.

**2. Што треба да знаете пред да отпочнете да ги употребувате OCU*hyl* C®**

OCU*hyl* C® не смеат да се употребуваат:

Во услови на хиперсензитивност на активната супстанца или на некоја од состојките на OCU*hyl* C®.

Во случај на истовремена употреба со други капки за очи, неопходно е OCU*hyl* C® да се нанесуваат најмалку 5 минути пред или по нанесувањето на другите капки. Вашиот лекар треба да биде запознат со сите лекови кои тековно ги употребувате, сте ги употребувале неодамна или планирате да ги употребувате, со лекарски рецепт или без рецепт. Доколку употребувате други лекови за очи, треба да се консултирате со офталмолог за соодветноста на нивното тековно користење.

**3. Дозирање и начин на употреба**

Доколку Вашиот лекар не Ви кажал поинаку, капките вообичаено се нанесуваат во конјуктивалната ќеса, по 1 капка, 1-3 пати на ден, но може и почесто. За употреба кај деца, дозата се одредува индивидуално, од страна на лекар.
Лекот може да се употребува кај возрасни, адолесценти и деца.

**Упатсво за употреба:**



1. Отпакувајте го пластичното шише со капачето.



2. Пред првата употреба, отстранете ја сигурносната лента од капачето.



3. Отстранете го поклопецот од капачето.



4. Навалете ја главата на назад. Држете го шишето надолу, помеѓу палецот и другите прсти. Со прстот од другата рака нежно повлечете го надолу капакот од болното око, нанесете го бројот на капки кој Ви е препишан и полека затворете го окото за да може OCU*hyl* C® рамномерно да се распространи на површината на окото.

За време на нанесувањето, врвот на капалката не смее да го допира окото или очниот капак. По нанесувањето, потребно е капачето цврсто да се наврти на врвот на шишето за да се избегне можната контаминација на врвот на капалката за капнување во окото.

**Предупредувања во врска со нанесувањето:**
Пред првата употреба, се препорачува да се капне првата капка вон окото, со нежно притискање на шишето. Силното и испрекинато притискање на шишето, може да предизвика исфрлање на млазеви од растворот.
За следната капка, дозволете прво пластичното шише да го повлече воздухот назад за да ја поврати својата првобитна форма, а потоа продолжете со нанесувањето според препораката.

**Управување со моторни возила и машини**
Веднаш по нанесувањето на лекот, пациентот може да искуси заматување на видот. Од таа причина не се препорачува управување со моторни возила и машини, ниту да се работи на поголема височина, околу 20 минути по нанесувањето на капките.

**4. Несакани дејства**
Во ретки случаи пациентот може да искуси благо и минливо чувство на пецкање веднаш по нанесувањето. Може да дојде до појава на алергиска реакција.
Појавата на овие несакани дејства или на други невообичаени реакции пријавете ги кај Вашиот лекар.

**5. Содржина**
Натриум хијалуронат 1.2 мг/мл
Ексципиенси: екстракт од невен, натриум хлорид, калиум хлорид, калциум хлорид дихидрат, магнезиум хлорид хексахидрат, натриум ацетат трихидрат, натриум цитрат, вода за инјекции.

**6. Начин на чување и дополнителни информации**
Да се чува на температура до 25°C. Да не се чува во фрижидер / да не се замрзнува.
Да се чува вон вид и дофат на деца.
Лекот не смее да се употребува по истекот на рокот на употреба назначен на пакувањето. Отвореното шише мора да се употреби во рок од 3 месеци.
Не употребувајте го лекот по истекот на рокот на употреба назначен на етикетата или на кутијата, до иконата со песочниот часовник. Рокот на употреба се однесува на последниот ден од наведениот месец.

**Пакување:** 1 x 10 мл

UNIMED PHARMA spol. s r.o., Oriešková 11, 821 05 Братислава,
Словачка Република
Tel: +421 2 4333 3786
Fax: +421 2 4363 8743
e-mail: unimedpharma@unimedpharma.sk
www.unimedpharma.eu

CE 2265 STERILE A

**Носител на решение за запишување во регистарот на медицински средства достапни во Р.Македонија**
СЕПТИМА ДООЕЛ
Ул. Сава Ковачевиќ 13, бр.9
Скопје
Тел: +389 2 30 60 175

**Број на решение за запишување во регистерот на медицински помагала во Р.Македонија:** 14-11396/2 од 14.11.2016

**Датум на последна ревизија:**
Ноември 2016